РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-1662/2
20.06 201 8 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за ... услуги
БО... ДООЕЛ
Бр. 0307-113/18
20.06. 18 год.
КУМАНОВО

# ДОГОВОР

**За набавка на услуга –Авионско прскање** за заштита од комарци на Општина Крива Паланка во површина од 330 хектари

**БПП-О Дел.бр. 19 – 1662/2018**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Општина Крива Паланка ул. „Св. Јоаким Осоговски " бр.175 1330 Крива Паланка Република Македонија**, застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски** (во понатамошниот текст договорен орган , односно **Нарачател на услуги** ) од една страна,

и

**Б. ДАУ БОНИЕР ДООЕЛ ул. Октомвриска Револуција бр.32/13 Куманово** застапуван од **Бојана Петковска** (во понатамошниот текст економскиот оператор, односно **Давател за услуги** ) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор економскиот оператор – Давател на услуги се обврзува да изврши **Авионско прскање** за заштита од комарци на Општина Крива Паланка во површина од 330 хектари за потребите на договорниот орган Општина Крива Паланка Нарачателот на услуги се обврзува за тоа да му исплати определена цена.

**Член 2**

Услугите од член 1 на овој договор треба да се изведат според потребите на Нарачателот на услугата , за што двете страни ќе преземат соодветни активности за утврдување на потребни активноси за целосно исполнување на предметот на договорот.

**Член 3**

Со овој договор Нарачателот и Давателот на услугата ги регулираат своите права и обврски.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Цена**

**Член 4**

Давателот на услугата , услугите наведени во член 1 од овој договор, ќе ги изработи за следната цена :

| | Опис на услугата | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на еколошко сретство за заштита од комарци и авио услуги | 1 ха | 330 ха | 400 | 472 | 132.000,00 | 155.760,00 |

## IV. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Нарачателот на услугата се обврзува предметот од овој договор да ги заврши по барање на Нарачателот на услугата во кој ќе биде утврден терминот на прскањето .

## V НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Договорниот орган ќе исплати 100% од утврдената цена во рок од 15 дена по завршувањето на услугата.

## VI ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 7**

Да обезбеди и изврши авиопрскање со авиони АН-2,
-да обезбеди стандардни и проверени средства за заштита од комарци
-по извршување на услугата да достави фактура со извештај за извршена услуга
.

## VII. ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 8**

Да ја исплати договорената цена на начин и во рок утврден на овој Договор.

## VIII. ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

**Член 9**

Извршителот на услугата го гарантира квалитет на услугата во согласност со важечките стандарди и нормативи и дека извршената услуга е соглсно договорот .

Извршителот на услугата гарантира дека авиопрскањети ќе биде извршено стручно ,со средство за заштита од комарци одобрено од надлежен орган ,кое нема да биде штетно за луѓето ,добитокот и растенијата ,со преземање на сите неопходни безбедносни мерки за заштита на населението од несакани последици .

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Кога една од договорените старни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет ,другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или спротивно да го раскине договорот.

**Член 11**

Договорнта страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскине договорот ,должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна ,со право да бара надомест на направени трошоци.

**Член 12**

Со писмено известување се смета дека договорот е еднострано раскинат .

## X. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 14**

Евентуалните спорови двете странки ќе настојуваат да ги решаават меѓусебно ,а доколку тоа не е можно ,надлежен суд е во Куманово .

**Член 15**

Овој Договор е склучен во 6(шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Давателот на услугата .

**Нарачател на услугата**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**Давател на услуга**
**БОНИЕР ДООЕЛ –Куманово**
**Управител**
**Бојана Петковска**